РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА
НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ
Бр. 04-243/10
27.11. 2023 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија

**Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи - Скопје**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), В.Д.Директорот на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас

1. За вршител за работното место со шифра УПР 0101В04000 – Помлад соработник за примање и обработка на податоци, Одделение за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита, се избира кандидатот со идентификациски код 548CF88 – Тодор Шапов.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работно место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласна табла на Агенција за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 21.10.2023 година во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха и на интернет страницата на Агенција за администрација објавен е јавен оглас бр. 405/2023 за вработување на административен службеник во Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи на работно место со шифра УПР 0101В04000 – Помлад соработник за примање и обработка на податоци, Одделение за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита.
Со Решение бр. 101875/3 од 03.11.2023 година , формирана е Комисија за селекција за вработување о пат на јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.
Комисијата за селекција на ден 06.11.2023 година спроведе административна селекција за административен службеник (Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-1875/4 од 06.11.2023 година), а на ден 17.11.2023 година, спроведе испит за административен службеник (Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-1875/5 од 17.11.2023 година) и на ден 21.11.2023 година спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административниот службеник (Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административниот службеник бр. 10-1875/6 од 21.11.2023 година)
Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, од страна на Агенцијата за администрација до В.Д. Директорот на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи на ден 21.11.2023 година, доставена е конечна ранг листа и предлог кандидат за вработување бр. 10-1875/7 од 21.11.2023 година, заради избор на кандидат односно донесување на Одлука за избор.

Република Северна Македонија

**Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи - Скопје**

В.Д. Директорот го прифати предлогот од страна на Агенцијата за администрација и врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**В.Д. Директор**
**Фуркан Болеци**

Доставено до:
- Кандидатот
- Агенција за администрација
- Одделение за општи и заеднички работи